# С О С Т А Н О К   Н А
# С О В Е Т   Н А   С Т А Н А Р И

Одржан на 06.02.2023 година, со почеток во 19,00 часот во канцеларијата на директорот со следниот предлог на

ДНЕВЕН РЕД:

1.Известување на студентите за посета на Амбасадорката на Швајцарија

2.Обезбедување на карти за театарска престава.

3.По барање на студентите промена на старите столчиња во Б блок долу со нови

4.Предлог,реновирање на старата просторија за пинг-пог,и адаптирање на дел од дворот за одбојкарско игралиште.

5.Пријавување на дефекти и поправки

Записник

1.Од страна на Директорката на Домот бевме известени дека на 09.02.2023 год во 14:00 часот во посета на Домот ќе дојде Амбасадорката на Швајцарија и дека сме поканети на средбата. Јован и Сара дадоја предлог при разговорот со Амбасадорката да се праша дали има некои проекти за реновирање на спорска сала односно дали може да се достави барање за опремување на нашиот објект викан Мала сала со фитнес справи за вежбаење.

2.Советот на станари ја замоли Директорката ако може да обезбеди карти за на театар,и во истиот момент Директорката се јави и обезбеди 20 карти.

3.Во Домот само во Б блок долу имаше постари столови за седење и се договоривме истите да бидат променети со нови столчиња уште наредниот ден .

4.Поголем дел од студентите дадоја предлог да се реновира старта просторија за пинг-пог,а предлогот беше прифатен од страна на Директорката .Воедно го прифати и предлогот за адаптирање на дел од дворот за одбојкарско игралиште.Се договоривме кога ќе се поправат временските услови да се пристапи на адаптација на дел од дворот за кој накнадно ќе се договориме каде би било тоа игралиште позиционирано.

5.Студентите се пожалија дека е слаба конекцијата на интернетот ,при што веднаш е побарано лицето за одржување на мрежата .

Претседател на Совет на Станари

Јован Михајловски

__________________